Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), а во врска со член 7 став (3) од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 и 132/25), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 14.11.2025 година, донесе:

**Програма за измени и дополнување на**
**Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2025 година**

1. Во Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2025 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 1/25 година) и Програмата за измени и дополнување на Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2025 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 10/25, се вршат следниве измени и дополнувања:

Во поднасловот „4. Мерки (тематска област) - Финансиска поддршка на правни и физички лица кои реализираат активности од областа на културата“ (табеларен приказ), во колоната „Дополнителни средства“, износот од „500.000 денари“ се менува и гласи „1.800.000 денари“.

Во табеларниот приказ насловен „Проект од национален интерес, манифестација *Гевгелија град на култура за 2025 година*“:

- под реден бр. 50, колона (Носител) „КУД *Негорци*“, во колоната „Активност“ се бришат зборовите „Регионални фолклорни смотри за Источна Македонија- сениори“ и се додаваат зборовите „4. Меморијален фолклорен фестивал *Засекогаш со нас* во чест на Игор Мицев“;

- под реден бр. 56, колона (Носител) „ЗГ Градски мешан хор *Гортинија*“, во колоната „Активност“ се бришат зборовите „Rock and choir Volume 2- Концерт на хорски адаптации на рок нумери од домашни и странски автори“ и се додаваат зборовите „Концерт по повод 7 Ноември“. Во колоната „Средства“ износот „100.000 денари“ се менува и гласи „60.000 денари“;

- под реден бр. 64, колона (Носител) „НУ Музеј- Гевгелија“, колона (Активност) „Тематска изложба на ДЛУГ- 10 години галериска дејност“, во колоната „Средства“ износот„50.000 денари“ се менува и гласи „60.000 денари“;

- под реден бр. 71, колона (Носител) „Ансамбл *Консонанс*“, колона (Активност) „Концерт“, во колоната „Средства“ износот „95.000 денари“ се менува и гласи „115.000 денари“;

- под реден бр. 73, колона (Носител) „НУ Театар за деца и младинци“, колона (Активност) „Театарска претстава за деца“, во колоната „Средства“ износот „41.000 денари“ се менува и гласи „55.800 денари“;

- под реден бр. 76, во колона „Носител“ се бришат зборовите „Македонски народен театар“ и се додаваат зборовите „Квартет Stringendo“, во колоната „Активност“ се бришат зборовите „Театарска претстава *Белиноќи*“ и се додава зборот „Концерт“, во колоната „Средства“ се брише износот„140.000 денари“ и се додава „52.800 денари“;

- по реден број 79, се додава реден број 80, во колоната „Носител“ се додаваат зборовите „Пијано трио- Т. Петрушевска, М. Милошевски и П. Макариевски“, во колоната „Активност“ се додава зборот „Концерт“, во колоната „Средства“ се додава износот „44.400“, во колоната „Финансирање“ се додава зборот „МКТ“;

- по реден број 80, се додава реден број 81, во колоната „Носител“ се додаваат зборовите „Независен театар „Арториум““, во колоната „Активност“ се додаваат зборовите „Театарска претстава за деца“, во колоната „Средства“ се додава износот „38.000“, а во колоната „Финансирање“ се додава зборовите „МКТ и ОГ“;

- Во колоната „вкупно“ износот „13.994.666“ денари се менува и гласи „15.294.666 денари“;

- Во поднасловот „7. Буџет на програмата и извори на финансирање“, износот „13.994.666 “ се менува и гласи „15.294.666 денари“.

бр. 09-1538/1
14.11.2025 година
Гевгелија

претседател
на Совет на Општина Гевгелија

Анета Стамкова

**с.р.**